Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/2018), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на ден 1 август 2018 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТОР НА СИСТЕМ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Правилник за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас (во понатамошниот текст: Правилник) во согласност со одредбите од Законот за енергетика и во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори, се уредува:

1) Постапката за утврдување на усогласеноста на работата на операторот на електропреносниот систем и операторот на системот за пренос на природен гас (во понатамошниот текст: оператор на систем за пренос) со барањата утврдени во Законот за енергетика што се однесуваат на:

- Сопственоста на средствата со кои се вршат дејностите пренос на електрична енергија и пренос на природен гас;
- Самостојност и независност на операторот на системот за пренос и на лицето кое што има контрола над него, во однос на вертикално интегрираните друштва и друштва коишто вршат енергетски дејности што се однесуваат на производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, односно операторот на системот за пренос не е дел од вертикално интегрирано друштво; и
- Самостојност и независност на операторот на системот за пренос и на лицето кое што има контрола над него, во однос на Владата на Република Македонија и други државни органи при донесувањето на одлуки, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика.

2) Документи, информации и податоци што се поднесуваат во постапката и начинот и формата на нивно поднесување;
3) Постапката за ревизија на сертификацијата; и
4) Формата и содржината на сертификатот.

(2) Контролата во смисла на став (1) точка 1) алинеи 2 и 3 од овој член се состои од права, договори или други средства кои одделно или во комбинација, а имајќи ја предвид фактичката или правната состојба, даваат можност за вршење одлучувачко влијание врз друштвото, особено преку:

1) сопственост или право на користење на целиот или дел од имотот на друштвото, или
2) права или договори кои даваат можност за одлучувачко влијание врз составот, гласањето или донесувањето на одлуки од органите на друштвото.

**Член 2**

Постапката за сертификација на операторот на систем за пренос се спроведува:

1) на барање на операторот на систем за пренос на кого му е издадена лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија или пренос на природен гас, или
2) по службена должност од страна на Регулаторната комисија за енергетика:
   - кога операторот на систем за пренос нема да поднесе барање за сертификација; или
   - кога настанала или може да настане повреда на обврските за сопственичко раздвојување утврдени во член 71 или член 109 од Законот за енергетика; или
   - по доставено образложено барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.

## II. БАРАЊЕ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА И ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 3**

(1) Барањето за сертификација се доставува до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) во писмена и електронска форма и содржи податоци за барателот и изјава дека се бара отпочнување на постапка за сертификација согласно Законот за енергетика и овој Правилник.
(2) Образецот за барањето за сертификација е даден во Прилог 1 од овој Правилник.
(3) Кон барањето од ставот (1) од овој член се доставува:
   1) Список на документи и други податоци доставени кон барањето;
   2) Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија не постара од 15 дена од денот на поднесување на барањето;
   3) Статут на друштвото и други акти со кои се организира работата на друштвото и се утврдуваат надлежностите на органот на управување, односно органот на надзор на барателот;
   4) Список на членови на органот на управување, односно органот на надзор на барателот и;
   5) Акционерска книга и податоци за бројот на акции и бројот на гласови на секој акционер;
   6) Список на државни органи кои имаат контрола или некое друго право врз операторот на систем за пренос, како и образложение дека не е контролиран од друг државен орган или трето лице;
   7) Финансиски извештаи за последните три години со извештаи од овластен ревизор за извршената ревизија;
   8) Список на друштва коишто вршат енергетски дејности, коишто се поврзани со друштвото барател согласно одредбите од Законот за трговските друштва;
   9) Список на лиценци и/или други овластувања издадени на акционерите на барателот за вршење на енергетски дејности во Република Македонија и/или во други земји;
   10) Изјави заверени кај нотар од членовите на органот на управување, односно органот на надзор дека не се членови на орган на управување, односно на орган на надзор, односно вработени во друштво коешто врши производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас или во друштво коешто има можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тоа друштво;

11) Изјави заверени кај нотар од членовите на органот на управување и органот на надзор дека во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не бараат ниту прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика;
12) Изјави заверени кај нотар од вработените кои преминале во барателот, а извршувале раководни функции или биле членови на органи на управување, односно органи на надзор во друштва кои вршеле енергетска дејност производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, во периодот од две години пред поднесување на барањето, дека нема да пренесуваат деловно чувствителни информации на друштвата кои вршат производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас;
13) Изјави заверени кај нотар од претставниците на државните органи кои имаат посредно или непосредно влијание или право на сопственост во барателот, дека нема да даваат насоки и да влијаат во донесувањето на одлуки на операторот на системот за пренос;
14) Програма за усогласеност согласно член 73, односно член 111 од Законот за енергетика;
15) Правилата кои ги применува барателот и лицето кое што има контрола над барателот со цел да спречи откривање на доверливи и други комерцијално чувствителни информации;
16) Потврда дека над друштвото не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
17) Список на лиценци за вршење на енергетски дејности кои му се издадени на барателот;
18) Организациона структура на барателот и податоци со број на извршители во поодделни сектори, како и податоци за бројот, образованието и стручната оспособеност на лицата кои што раководат и непосредно ракуваат со уреди и постројки со кои се врши дејноста;
19) Список на основните средства преку кои ја врши дејноста и кои се во сопственост на барателот или кои што по друг правен основ ги користи;
20) Доказ за правото на сопственост, односно право на користење на основните средства преку кои ја врши дејноста и/или доказ дека е започната постапката за упис на правото на сопственост и/или евиденција на недвижностите преку кои се врши дејноста во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија; и
21) Изјава од овластено лице заверена кај нотар за веродостојност на доставените податоци.

(4) Барањето и документите од ставот (3) од овој член се доставуваат во два примерока од кои едниот е оригинал или копија заверена на нотар, а другиот примерок е нивен превод на англиски јазик од овластен судски преведувач.
(5) Регулаторната комисија за енергетика, како и ангажираното лице согласно член 4, став (2) од овој Правилник се должни како доверливи да ги чуваат деловно чувствителните податоци содржани во доставената документација.

## III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО

### Член 4

(1) Поднесеното барање за сертификација се заведува во Деловодникот на Регулаторната комисија за енергетика и се составува записник за примената документација.

(2) Во постапката за сертификација Регулаторната комисија за енергетика може, по потреба, да ангажира стручни организации, институции и стручни лица, за што донесува решение кое го доставува до барателот.
(3) Во постапката за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика, како и лицата од став (2) од овој член, доколку се ангажирани, имаат право да вршат проверка на веродостојноста на поднесената документација, како и да бараат дополнителна документација и податоци потребни за спроведување на постапката.
(4) Ако барањето е нецелосно и не се доставени сите документи, информации и податоци пропишани со овој Правилник, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 15 дена со решение го известува барателот и му одредува дополнителен рок од 30 дена за доставување на документите, односно отстранување на недостатоците на барањето.
(5) Доколку барателот не ги достави бараните документи, информации и податоци во дадениот рок, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за отфрлање на барањето.
(6) Барањето за сертификација од член 3 на овој Правилник, решението од став (4) на овој член, како и одлуката од став (5) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ги објавува на својата веб страница.
(7) Секоја заинтересирана страна има право на увид во доставените придружни документи.

**Член 5**

(1) Врз основа на документацијата доставена кон барањето Регулаторната комисија за енергетика ја проверува исполнетоста на барањата пропишани со Законот за енергетика. Ако барањата пропишани со Законот за енергетика и со овој Правилник се исполнети, во рок од четири месеци од датумот на поднесувањето на барањето Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог-одлука за сертификација на операторот на системот за пренос.
(2) Во текот на постапката за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика може да побара од операторот на системот за пренос, производителите на електрична енергија или природен гас, операторите на електродистрибутивните системи и системите за дистрибуција на природен гас, како и снабдувачите и трговците со електрична енергија или природен гас, дополнителни документи, податоци и информации потребни за спроведување на постапката, а особено:
   1) Тековна состојба на друштвото издадена од Централниот регистар на Република Македонија не постара од 15 дена од денот кога е побарано;
   2) Список на членови на органот на управување, односно органот на надзор на друштвото во сопственост на државата;
   3) Акционерска книга и податоци за бројот на акции и бројот на гласови на секој акционер; и
   4) Список на државни органи кои имаат контрола или некое друго право врз друштвата кои вршат енергетска дејност производство, трговија или снабдување на електрична енергија или природен гас.

(3) Изготвената предлог одлуката од став (1) од овој член Регулаторната комисија за енергетика, заедно со барањето и документите доставени кон барањето на англиски и македонски јазик, веднаш ги доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница.
(4) Регулаторната комисија за енергетика води службена евиденција за кореспонденцијата остварена со Секретаријатот на Енергетската заедница во врска со постапката за сертификација на операторот на системот за пренос. Службената евиденција се става на

увид на операторот на системот кој бара сертификација и на засегнатите државни органи.

### Член 6

(1) Во рок од 60 дена по добивање на мислењето од Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука за сертификација, односно одлука за одбивање на барањето за сертификација.
(2) Со одлуката за сертификација барателот се назначува за оператор на соодветниот систем за пренос и содржи образложение за исполнетоста на условите пропишани со Законот за енергетика во однос на сопственоста на средствата за вршење на дејноста, независноста и самостојноста во вршењето на дејноста и техничката и кадровската оспособеност за вршење на дејноста.
(3) При донесувањето на одлуката од став (1) од овој член Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.
(4) Ако Секретаријатот на Енергетската заедница не достави мислење во рок од 60 дена по доставувањето на предлог-одлуката, Регулаторната комисија за енергетика ќе го извести Секретаријатот на Енергетската заедница дека ако во рок од 15 дена не го добие мислењето, одлуката од став 1 на овој член ќе биде донесена.
(5) Ако Регулаторната комисија за енергетика оцени дека мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница во целост или во одделни делови не е прифатливо, во образложението на одлуката од став 1 на овој член ги наведува отстапувањата, како и причините за отстапувањата од мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.
(6) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за одбивање на барањето за сертификација ако операторот на системот за пренос не докаже дека ги исполнува условите пропишани во член 71, став 2) и 4), или во член 109 став 2) и 4) од Законот за енергетика.
(7) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката од ставот (1) на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница, на која го објавува и мислењето доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

## IV. ПОСТАПКА ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ЛИЦА ОД ТРЕТИ ДРЖАВИ

### Член 7

(1) По барање од операторот или сопственикот на системот за пренос, Регулаторната комисија за енергетика спроведува постапка за сертификација на операторот на системот за пренос којшто е под контрола од лице или група лица од трета држава или трети држави.
(2) На содржината на барањето и документацијата којашто се доставува во прилог, соодветно се применуваат одредбите од членот 3 од овој Правилник.
(3) Регулаторната комисија за енергетика за барањето од став (1) од овој член веднаш ги известува Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката (во понатамошниот текст: Министерство) и Секретаријатот на Енергетската заедница.
(4) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од четири месеци од датумот на прием на барањето од ставот (1) од овој член, изготвува предлог-одлука за сертификација, односно одбивање на барањето за сертификација.

(5) Регулаторната комисија за енергетика веднаш ја доставува изготвената предлог-одлука од став (4) од овој член до Министерството и до Секретаријатот на Енергетската заедница, заедно со придружната документација врз основа на која е донесена одлуката, на македонски и англиски јазик, заради добивање на мислење согласно член 76 став (7) од Законот за енергетика.

(6) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 60 дена од денот на доставувањето на мислењето од Министерството, односно од Секретаријатот на Енергетската заедница, донесува одлука за сертификација, односно одлука за одбивање на барањето за сертификација.

(7) Ако Министерството, односно Секретаријатот на Енергетската заедница не достави мислење во рок од 60 дена по доставувањето на предлог-одлуката, Регулаторната комисија за енергетика ќе ги извести дека ако во рок од 15 дена не го добие мислењето, одлуката од став 6 на овој член ќе биде донесена.

(8) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за одбивање на барањето за сертификација ако:

1) операторот на системот за пренос не докаже дека ги исполнува условите пропишани во член 71, став 2) и 4), или во член 109 став 2) и 4) од Законот за енергетика, или

2) издавањето на сертификатот ја загрозува сигурноста во снабдувањето со електрична енергија и/или природен гас на Република Македонија и/или сигурноста во снабдувањето на договорна страна или земја-членка на Енергетската заедница, особено имајќи ги предвид:

- правата и обврските на Енергетската заедница во однос на третата држава кои што произлегуваат од меѓународното право или од склучените меѓународни договори во кои учествуваат Енергетската заедница и третата држава а со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на сигурноста во снабдувањето со енергија,
- правата и обврските на Република Македонија коишто произлегуваат од договорите склучени со третата држава, ако се во согласност со Договорот за Енергетската Заедница, и
- други посебни факти и околности поврзани со третата држава.

(9) При донесувањето на одлуката од став (6) од овој член Регулаторната комисија за енергетика е должна целосно да го земе предвид мислењето на Министерството и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.

(10) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката од ставот (6) од овој член кон која е приложено и мислењето доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

(11) Ако одлуката на Регулаторната комисија за енергетика од ставот (6) од овој член не е во согласност со мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, со образложение во кое се наведени отстапувањата, како и причините за отстапките од мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.

## V. СЕРТИФИКАТ

### Член 8

(1) По донесувањето на одлуката за сертификација од член 6 став (1) или член 7 став (6) од овој Правилник, Регулаторната комисија за енергетика на операторот на системот за пренос му издава сертификат.
(2) Во прилог на сертификатот од ставот (1) на овој член е и одлуката за сертификација.
(3) Формата и содржината на сертификатот се содржани во Прилог 2 на овој Правилник.

## VI. РЕВИЗИЈА НА СЕРТИФИКАЦИЈАТА

### Член 9

(1) Регулаторната комисија за енергетика поведува постапка за ревизија на сертификацијата ако при вршење на надзор врз работењето на операторот на системот за пренос, или ако била известена од операторот или службеникот за усогласеност назначен во согласност со член 74, односно член 112 од Законот за енергетика, или на друг начин дошла до сознанија дека настанала или се планира настанување на промена во сопственичката структура на операторот или друга промена којашто може да влијае врз исполнувањето на неговите обврски утврдени во Законот за енергетика.
(2) Постапката од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ја поведува и по барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.
(3) Регулаторната комисија за енергетика доставува до операторот на соодветниот систем за пренос известување за започнувањето на постапката од став (1) на овој член со кое го задолжува да ја обезбеди потребната документација, податоци и информации од коишто може да се утврди планираната или настанатата промена, како и рок за нивно доставување којшто не може да биде покус од 15 дена.
(4) Во рок од 60 дена по добивањето на бараните податоци, информации и документација, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог-одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат и ја доставува на мислење до Секретаријатот на Енергетската заедница.
(5) Во рок од 60 дена по добивање на мислење од Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат.
(6) Ако Секретаријатот на Енергетската заедница не достави мислење во рок од 60 дена по доставувањето на предлог одлуката, Регулаторната комисија за енергетика ќе го извести Секретаријатот на Енергетската заедница дека ако во рок од 15 дена не го добие мислењето, одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат ќе биде донесена.
(7) При донесувањето на одлуката од став (5) од овој член Регулаторната комисија за енергетика е должна целосно да го земе предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.
(8) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката од ставот (5) од овој член во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.
(9) Ако одлуката на Регулаторната комисија за енергетика од ставот (5) од овој член не е во согласност со мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страница ги наведува отстапувањата, како и причините за отстапките од мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 01-1538/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**1 август 2018 година** **Марко Бислимоски**

**Скопје**

**<u>Прилог 1</u>**

До: Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија
ул. Македонија бр. 25, Палата Лазар Поп-Трајков, 1000 Скопје, Македонија
email: erc@erc.org.mk

# БАРАЊЕ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ/ОПЕРАТОР НА СИСТЕМ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС

[*да се поднесе на меморандум на барателот*]

Јас, долупотпишаниот, одговорно лице на [*називот на барателот*], до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесувам барање за сертификација на [*називот на барателот*] како оператор на електропреносен систем/оператор на систем за пренос на природен гас на Република Македонија.

Во прилог на барањето ја доставувам потребната документација согласно Законот за енергетика и Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас.

Со ова барање, (назив на барателот) се обврзува да ги извршува задачите и обврските на оператор на електропреносен систем/оператор на систем за пренос на природен гас на Република Македонија, согласно лиценцата за вршење на енергетска дејност пренос на електрична енергија/природен гас и бара од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија издавање на сертификат со кој (назив на барателот) се назначува за оператор на електропреносен систем/оператор на систем за пренос на природен гас на Република Македонија.

Прилог: [*листа на документи доставени во прилог на барањето*]

**Датум:**

**Име и презиме на одговорното лице за застапување на барателот:**

**Место:**

**Потпис на одговорното лице за застапување на барателот:**

**М.П.**

**Прилог 2**

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *С Е Р Т И Ф И К А Т*

за назначување на оператор на електропреносен систем/оператор на систем за пренос на природен гас на Република Македонија

**НОСИТЕЛ НА СЕРТИФИКАТОТ:** ________________________________

**СЕДИШТЕ:** ________________________________

**ЕМБС:** ________________________________

**ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ:** ________________________________

Со овој сертификат се потврдува дека носителот на сертификатот ги исполнува условите во поглед на сопственичкото раздвојување и независноста како и условите во поглед на финансиско-материјалната способност и техничката и кадровската оспособеност, како и другите услови пропишани со Законот за енергетика.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

МАРКО БИСЛИМОСКИ

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/2018), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија пристапи кон изработка на Правилник за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас (во натамошниот текст: Правилник за сертификација).

Обврската за сертификација на операторот на електропреносниот систем и операторот на системот за пренос на природен гас произлегува и е уредена со Законот за енергетика во кој се транспонирани Директивата 2009/72/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на електрична енергија и Директивата 2009/73/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на природен гас.

Со овој Правилник за сертификација се уредуваат:

1) Постапката за утврдување на усогласеноста на работата на операторот на електропреносниот систем и операторот на системот за пренос на природен гас со барањата утврдени во Законот за енергетика што се однесуваат на:
   - Сопственоста на средствата со кои се вршат дејностите пренос на електрична енергија и пренос на природен гас;
   - Самостојност и независност на операторот на системот за пренос и на лицето кое што има контрола над него, во однос на вертикално интегрираните друштва и друштва коишто вршат енергетски дејности што се однесуваат на производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, односно операторот на системот за пренос не е дел од вертикално интегрирано друштво; и
   - Самостојност и независност на операторот на системот за пренос и на лицето кое што има контрола над него, во однос на Владата на Република Македонија и други државни органи при донесувањето на одлуки, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика.
2) Документи, информации и податоци што се поднесуваат во постапката и начинот и формата на нивно поднесување;
3) Постапката за ревизија на сертификацијата; и
4) Формата и содржината на сертификатот.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го изработи Правилникот за сертификација со помош на УСАИД и во соработка со Секретаријатот на Енергетската заедница.

На 13 јули 2018 година Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на својата веб страна го објави Предлог - Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас, како и соопштение со кое ги повика сите заинтересирани страни да достават по електронски пат, на официјалната е-меил адреса: erc@erc.org.mk, свои сугестии, забелешки и предлози, најдоцна до 30 јули 2018 година, по однос на Предлог - Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас. Заклучно со 30 јули 2018 година немаше доставено забелешки од заинтересираните страни.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со Решение број 02-1399/1 од 13 јули 2018 година свика подготвителна седница на 30 јули 2018 година на која предмет на

разгледување беше Предлог - Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, претставници од АД ЕЛЕМ – Скопје, МЕПСО АД – Скопје, ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, АД ТЕЦ НЕГОТИНО, АД ГА-МА Скопје, ТЕ-ТО АД СКОПЈЕ, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за економија, Агенцијата за енергетика на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Организацијата на потрошувачи на Македонија и Советот за заштита на потрошувачите.

На 30 јули 2018 година се одржа подготвителна седница на која учествуваа членовите на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, претставници од МЕПСО АД – Скопје, ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, АД ТЕЦ НЕГОТИНО и АД ГА-МА Скопје. На подготвителна седница немаше забелешки од страна на присутните по Предлог - Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија треба да го донесе Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на Законот за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 1 август 2018 година го донесе Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас.

Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас е усогласен со Секретаријатот на Енергетската заедница.